Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 40-та седница одржана на 20.10.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-3857/1 од 18.10.2022 година за поведување прекршочна постапка против ТВ Шутел за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-3752/1 од 06.10.2022 година на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

2. Советот заклучи против Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 28 септември 2022 година, играните програми: „Злосторникот“, „Me Deputeto“, „Волшебникот од Оз“, „Jackson comedy“, две епизоди од „Islamsko serija“ и скриената камера - „Gags – just for laughs“- беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење, а играниот филм „Љубовен роман“ беше емитуван без предупредувачка сигнализација пред почетокот на прикажувањето.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-3850/5

21.10 2022 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ